ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ул„Светозар Марковиќ“ 1
тел./факс 033 411 550
Email:info@delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 7
03.07.2019 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Одделение за правни и општи работи

Јули, 2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 03.07.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на акти од 25. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на општина Делчево ги донесе на 25. седница која се одржа на ден 28.06.2019 година и тоа:

1.Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-1211/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**03.07.2019 год.** **Градоначалник,**
**Д е л ч е в о** **Горан Трајковски,с.р.**

1.

Врз основа на член 166-з од Законот за измена на Законот за заштита на децата „Сл.весник на РСМ“ број 104 од 23.05.2019 година и член 36 од Законот за локална самоупрва („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, Советот на општина Делчево, на својата 25.редовна седница одржана на 28.06.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и тоа:
-за периодот од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година 77,24 денари, и
- за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 81,10 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Делчево“.

**Број 09-1192/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.06. 2019 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**